Влада на Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2020 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | 02-00/0 758/1 | | Fejzula Spahija<br>[име и презиме] |
| Датум: | 15.07.2020 година | | Директор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје | (м.п.) | [потпис] |

## Резиме

Со Шестмесечниот Извештај за периодот јануари-јуни 2020 година се опфатени надлежностите на Државните Инспектори за животна средина, водостопанство и заштита на природата од Државниот Инспекторат за животна средина како и преглед на остварените ризици за планирање на инспекцискиот надзор.

Во извештајот исто така е прикажана и организациската поставеност на инспекциската служба и раководењето со истата, а даден е и табеларен приказ на сите инспектори кои вршат инспекциски надзор во сите три области, животна средина, природа, водостопанство.

Во делот инспекциски надзор табеларно се прикажани податоци за сите реализирани инспекциски надзори по општини.

Делот за обуките на инспекторите и административните службеници ги содржи сите информации за реализирани обуки согласно годишните програми за реализација на истите.

Реализацијата на Буџетот и финансирањето на Инспекторатот за првите 6 месеци од 2020 година се прикажани табеларно со предвидените буџетски ставки по разни основи кои се идентични за сите државни институции.

Делот наменет за меѓународна соработка ги содржи активностите поврзани со овој вид соработка.

Шестмесечниот Извештај завршува со информација за сите останати активности на Инспекторатот реализирани во првото полугодие од 2020 година вклучително Заклучоци и Препораки со кои е дадена општа оценка на оствареноста на зацртаните цели и планови.

## Управување со ризици

Во Годишниот План за работа на Државниот Инспекторат за животна средина за 2020 година постоечката анализа на ризик се заснова на обработените податоци од претходно извршени надзори, како и на податоците кои што се прибрани од работењето на Државниот Инспекторат за животна средина во текот на 2019 година. Критериумите на дефинирањето на ризичните области беа: број на идентификувани наоди во областа, висина на изречените казни, фреквенција на повторување на прекршоците кај субјекти во дадените области, влијание на прекршувањето во областа животна средина, природа и води.

(1) Предмет на инспекциски надзор беа следните ризични области:

- ризичните области во индустриско спречување и контрола на загадувањето (интегрирани еколошки дозволи);
- ризичните области во управувањето со отпадот (сите текови на отпадот);
- ризичните области во заштита на водите (водостопански субјекти);
- ризичните области во заштита на природата (управување со Национални паркови).

(2) Дефинирањето на ризичните области се базира на утврдените и очекуваните ризици од досегашните инспекциски надзори и врз основа на проценката по ризикот врз животната средина.

Описот на ризичните области кои беа предмет на инспекциски надзор во текот на првите шест месеци од 2020 година се идентификувани во следниве области :

- Управување со опасен отпад (отпадно масло, батерии и акумулатори, електронски и електричен отпад и друго)
- Управување со неопасен отпад (складови со метален отпад и промет со забранети предмети и материјали)
- ИСКЗ дозволи (контрола на условите наведени во дозволите)
- Елаборати за животна средина (контрола на условите во елаборатите)
- Заштитени подрачја на природата (контрола на субјектите кои управуваат со заштитените подрачја и реализација на плановите за управување, недозволено депонирање на отпад на територијата на заштитеното подрачје, појава на пожари, недозволено собирање на заштитени животински и растителни видови),
- Управување со пакување и отпад од пакување.
- Заштита на водите од загадување и управувањето со водите од водостопански аспект, водостопански дозволи за зафат и испуштање на водите, тарифите за вода..

Принципот на превенција има исто така висок степен на застапеност при одредување на критериумите за определување на ризичните области.

**Идентификување и утврдување на ризикот**

(1) Утврдувањето на ризикот се спроведува од државните инспектори за животна средина, државните инспектори за заштита на природата и водостопанските инспектори во соработка со експерти од различни области на животната средина, универзитетската и бизнис заедницата преку размена на информации, увид во документација и извештаи за извршени лабораториски испитувања од надлежни инстутуции и овластени и/или акредитирани лаборатории за животна средина. Методологијата за анализа и процена на ризикот е единствена за сите субјекти кои вршат индустриска дејност, односно управуваат со заштитетни со закон подрачја и основата им е вршење водостопанска дејност.

(2) Во идентификувањето на ризикот, дополнителни фактори кои се земаат во предвид се:

- Непостапување по одредбите од Интегрираните еколошки дозволи,
- Непостапување по одредбите од Елаборатите за животната средина;
- Непостапување по одредбите од Законот за заштита на природата;
- Непостапување по одредбите од Законот за водите;

- Непостапување по одредбите од Законите за управување со отпадот, управување со пакување и отпад од пакување, управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори и управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема, односно невоспоставен систем за управување со сите текови на отпадот, немање минимум критериуми за санитарните депонии во РСМ.

Генерално може да се каже дека светската пандемија имаше, сеуште има и ќе има влијание врз реализација на планираните инспекциски надзори воопшто, секако и во областа на животната средина, односно влијание на се она што е составен дел на планирањето на надзорите.

Државниот Инспекторат за животна средина врз основа на Одлука за утврдување на коефициенти на сложеност на инспекцискиот надзор донесена од страна на Директорот на ДИЖС, изработи Методологија за проценка на ризик при вршење на инспекциските надзори во областа на животната средина врз основа на веќе изработени документи од страна на европските инспекторати за животна средина и нивните практични долгогодишни иксуства. Оваа методологија се однесува на сите субјекти кои се предмет на инспекциски надзор од областа на животната средина, а се применува од државните инспектори од Државниот инспекторат за животна средина и инспекторите од областа на животната средина на локално ниво-овластените инспектори за животна средина. Со оваа методологија се применуваат и одредбите од Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценка на ризик (Сл.Весник на РСМ бр.247/19). Како елементи за проценка на ризик се употребени следните 2 групи: Тежина на штетните последици и Веројатноста за случување на последиците. Секоја од групите од оваа методологија опфаќа 3 нивоа, и тоа: Ниво 1 – низок степен на ризик, Ниво 2 - среден степен на ризик и Ниво 3 – висок степен на ризик.

Ниво 1: Субјектот врши дејност согласно одредбите Законот за управување со пакување и отпад од пакување, Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори, Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронка опрема, Законот за заштита од бучава во животната средина, Законот за заштита на природата (собирање на билки и растенија), и други закони неспомнати на друго место од овој член (Законот за хемикалии, Законот за генетски модифицирани организми, и друго).

Ниво 2: Субјектот врши дејност согласно одредбите Законот за животната средина (дејности опфатени со Уредбата за елаборати и други дејности неспомнати на друго место), Законот за управување со отпад (постапување со неопасен отпад), Законот за заштита на природата (заштитени подрачја), Закон за квалитет на амбиенталниот воздух, Закон за минерални суровини, и други закони неспомнати на друго место од овој член.

Ниво 3: Субјектот врши дејност согласно одредбите Законот за животната средина (дејности опфатени со Уредбата за А и Б инсталации), Законот за управување со отпад

(постапување со неопасен отпад), Закон за води, и други закони неспомнати на друго место од овој член.

Нивоата на веројатноста за случување на штетните последици се определени со следните функционирања на субјектите:

Ниво 1: Субјектот работи согласно законските прописи и други стандарди*, и соработува со службите**.

Ниво 2: Субјектот повремено врши лесни отстапувања*** од законските прописи, има воведено други стандарди за работа, и соработува со службите.

Ниво 3: Субјектот често врши сериозни отстапувања**** од законските прописи, нема воведено некакви стандарди за работа, и не соработува со службите.

Проценката на ризик се врши за секој субјект поединечно, на принцип на матрицата 3x3.

Во првиот шестмесечен период од 2020 година нема промени во состојбата со проценетите ризици, а субјектите кои биле предмет на надзор генерално ги почитувале законските одредби (што може да се потврди и од инспекциската статистика за предметниот период), односно одредбите пропишани во еколошките дозволи, елаборатите за животната средина.

Иако планираните редовни надзори за месеците март-април претрпеа измени поради епидемијата со коронавирус, проценетите ризици се остварени во реалноста.

## Организација и раководење

Својата мисија Државниот Инспекторат за животна средина ја остварува превентивно почитувајќи го начелото на превенција како основен постулат преку едуцирање на субјектите на надзор (организирање на обуки, семинари, работилници, издавање на брошури, информирање на индустриските оператори преку Интернет порталот на ДИЖС www.sei.gov.mk) односно преку спроведување на инспекциски надзор над физичките и правните лица (субјекти на надзорот), како и изрекување на соодветни инспекциски мерки и санкции во инспекциска постапка со цел отстранување на утврдените неправилности и непочитување на

законските прописи. Визијата на Државниот Инспекторат за животна средина е базирана врз обезбедување на здрава животна средина за сите граѓани како уставна категорија преку целосно и ефикасно спроведување на законодавството и усогласување на индустријата, вршителите на активности и дејности согласно законските прописи од областа на животната средина.

Државниот Инспекторат за животна средина е орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, со својство на правно лице.

Согласно Правилникот за организација на Државниот Инспекторат за животна средина изработени се нова функционалана анализа и систематизација со органограм на ДИЖС за кои се добиени писмени согласности во текот на месец декември 2019 година од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во нивните состави и унапредување на нивната меѓусебна соработка, како и заради непосредно извршување на нормативно-правни, стручно-аналитички, управни, информатичко–технолошки, оперативни и стручно-адмнистративни работи, во Инспекторатот се формираат следните оранизациски единици:

(1) **Сектор за инспекциски надзор во животната средина и природата** со следните одделенија:
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Скопски регион-седиште Скопје;
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Полошки регион-седиште Тетово;
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Североисточен и Источен регион-седиште Пробиштип;
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Пелагониски и Југозападен регион-седиште Битола и
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Вардарски и Југоисточен регион-седиште Струмица и
- подрачно одделение за инспекциски надзор во природата-седиште Скопје.

Секторот за инспекциски надзор во животната средина и природата се состои од шест подрачни одделенија и ги врши следните работи:
- ја остварува и спроведува годишната програма за работа на Инспекторатот;
- врши инспекциски надзор од областа на животната средина и природата;
- изготвува планови и извештаи за работата на Секторот согласно прописите за инспекциски надзор и прописите од областа на животната средина и природата;
- изготвува информации и други потребни документи за спроведување на прописите од областа на животната средина и природата;
- доставува мислења и предлози до Секторот за координација на работата на Државниот инспекторат за животна средина за покренување иницијатива за измена и дополнување на прописите од областа на животната средина и

природата како и за подготовка на други документи од областа на Инспекторатот;
- врши редовно и навремено ажурирање на електронската база на податоци на Инспекторатот од извршените инспекциски надзори и се грижи за нивната точност и
- соработува со другите организациони единици во Инспекторатот за работи кои се од заеднички интерес за Инспекторатот.

**(2) Сектор за водостопанска инспекција**, со следните одделенија:

- Подрачно одделение за водостопанска инспекција – Запад-седиште Скопје и
- Подрачно одделение за водостопанска инспекција – Исток-седиште Скопје.

Сектор за водостопанска инспекција се состои од две подрачни оддленија и ги врши следните работи:
- инспекциски надзор согласно законските прописи;
- ја остварува и спроведува годишната програма за работа на инспекторатот;
- изготвува планови и извештаи за работата на Секторот согласно прописите за инспекциски надзор и прописите од областа на водите;
- изготвува информации за спроведување на прописите од областа на водите и животната средина и дава мислења за подготовка на материјали и документи од надлежност на Инспекторатот;
- доставува мислења и предлози до Секторот за координација на работата на Државниот инспекторат за животна средина за покренување иницијатива за измена и дополнување на прописите од областа на животната средина и водите како и за подготовка на други документи од областа на Инспекторатот;
- обезбедува редовно и навремено ажурирање на електронската база на податоци на Инспекторатот од извршените инспекциски надзори и се грижи за нивната точност и
- соработува со другите организацион единици во Инспекторатот за работи кои се од заеднички интерес за Инспекторатот.

**(3) Сектор за координација, општи и правни работи и јавни набавки со** следните одделенија со седиште во Скопје:
- Одделение за општи и правни работи и набавки и
- Одделение за поддршка, аналитика и меѓународна соработка на инспекторатот.

Секторот за координација, општи и правни работи и набавки ги врши следните работи:
- ја координира подготовката на планските и стратешките документи од надлежност на Инспекторатот;
- ги следи и применува прописите од делокруг на Секторот;
- ја координира подготовката на мислења, информации и други документи од областа на животната средина со другите организациони единици во рамките на Инспекторатот;
- остварува соработка во областа на нормативно-правните работи со другите органи, а особено со Министерството за животна средина и просторно планирање;
- покренува иницијатива за изменување и дополнување на прописите од областа на животната средина;
- го следи текот на прекршочните и кривичните постапки пред надлежните органи, а во кои Инспекторатот се јавува како странка;
- постапува по претставките доставени до Инспекторатот;

- ја координира подготовката и реализацијата на проекти од областа на животнта средина;
- предлага иницијативи за соработка во областа на животната средина;
- ја координира подготовката на стратешкиот план на инспекторатот;
- се грижи за одржување и функционирање на електронската база на податоци на Инспекторатот;
- се грижи за одржување, функционирање и ажурирање на веб страната на Инспекторатот;
- спроведува јавни набавки согллсно годишната програма за јавни набавки;
- се грижи за примена на прописите од областа на архивското и канцелариското работење како и прописите со кои се регулира работниот однос на вработените во Инспекторатот и
- врши и други работи кои се во надлежност на Секторот.

**(4) Одделение за финансиски прашања**

Одделението за финансиски работи на инспекторатот ги врши следните работи:

- Планирање на буџетот на инспекторатот
- Сметководствени активности за евидентирање на основните средствата согласно законската регулатива;
- Внатрешна контрола на буџетското, сметковдственото и финансиско-материјалното работење согласно Законот за буџет, Законот за извршување на буџетот, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и другите прописи од областа на буџетското, финансиското и сметководственото работење за обезбедување на средства за потребите на инспекторатот,
- Планирање на динамика на користење на финансиските ресурси,

- Извршување на плаќање и нивно евидентирање, Управување со имотот и опремата, Подготвување на на проекции за буџетот на инспекторатот за следната година , Следење на извршување на буџетот на инспекторатот и подготовка на извештаи за искористување на буџетот; Развој на стратегии за поддршка на менаџмент активностите во рамките на инспекторатот-развој на стратегии за обезбедување дека ресурсите се користат соодветно за да се постигнат договорените и утврдени резултати.

- Вршење на Сметководствени активности (благајничко работење, ликвидатура, контирање и др.); Финансиска пресметка и евиденција; Персонална финансиска пресметка и евиденција; Планирање на приходи и расходи во фаза на подготовка и извршување на буџет; Стратешко планирање и буџетирање; Буџетска контрола; Финансиска статистика; Финансиска анализа; Финансиско известување; Евиденција и
- Управување со основни средства; Интерна финансиска контрола; Мерење на финансиски резултати (ефвикасност на функции).
- Исплата на плати, храна, превоз, даноци и придонеси од плата.

Со работата на Инспекторатот раководи Директор.

Раководител на Сектор е највисок административен службеник во Инспекторатот.

Во случај на отсуство или спреченост, Директорот го заменува административен службеник со сите негови овластувања и одговорности, врз основа на овластување од директорот на Инспекторатот.

Со секторите раководат административни службеници со звање раководител на сектор.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на сектор, со секторот раководи раководител на одделение, врз основа на овластување од Директорот.

Со одделенијата раководат административни службеници со звање раководител на одделение, а во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен административен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на секторот.

Во првите шест месеци од 2020 година нема нови вработувања ниту пензионирања на инспектори.

Табела 4 Преглед на бројот на инспектори кои вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање 01.01-30.06.2020 година

| Вид | Инспектор за животна средина | | | | | | Инспектор за природа | | | | | | Инспектор за води | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 | | | | 1 | | 1 | | | | 2 | | 2 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | 2 | | 2 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | 2 | | 2 |
| В1 – советник инспектор | | 1 | 4 | 7 | | 12 | | | 1 | | | 1 | | | | 1 | | 1 | | 1 | 5 | 8 | | 14 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 1 | | | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 1 |
| Вкупно | 1 | 1 | 4 | 10 | 0 | 16 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19 |

*Табела 5 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во период 01.01-30.06.2020 година*

| Вид | Инспектор за животна средина | | | Инспектор за природа | | | Инспектор за води | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Вкупно | | | 0 | | | 0 | | | 0 | | | 0 |

## Инспекциски надзор

Општи Цели кои се остваруваат со инспекцискиот надзор се:

- зголемување на степенот на спроведување на законодавство од областа на животната средина во однос на 2019 година,
  Индикатор: Извештај за прогресот на РСМ, (напомена дека во моментов нема Стратегија за спроведување на законодавството од областа на животната средина),
- целосно реализирање на месечните планови на трите видови инспектори,
  Индикатор: Шестмесечни Извештаи
- практична примена на одредбите од законите, уредбите и правилниците од страна на правните субјекти кои се предмет на надзор,
  Индикатор: Немање/Намалување на број на санкции
- мониторинг на условите одредени во еколошките дозволи и елаборатите за заштита на животната средина и нивна применливост во пракса
  Индикатор: Континуирано при спроведувањето на инспекциските надзори
- превенција од евентуални штети предизвикани од секаков вид на неспроведување на задолженијата од дозволите и еколошките елаборати; Основно начело на европскиот пристап на инспекциските служби во животната средина, начело од Законот за инспекциски надзор,
  Индикатор: Немање еколошки инциденти
- навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од неспроведување на законските одредби од страна на субјектите кои се предмет на надзор;
  Индикатор: Акти во инспекциска постапка
- воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето и намалување на евентуалниот ризик по заштитата на животната средина; Органзација на едукација, обуки
- ефективно и ефикасно користење на капацитетите и човечките ресурси на субјектите предмет на инспекцискиот надзор во заштитата на животната средина;

Индикатор: Примена на Методологијата за интегрирана процена на ризици при планирањето на надзорите.

Табела 6 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во првото полугодиет на 2020 година, по региони и општини

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **63** | **15** | **12** | **90** | **15** |
| 1 | Велес | 10 | 2 | 0 | 12 | 1 |
| 2 | Градско | 3 | 2 | 0 | 5 | 0 |
| 3 | Демир Капија | 2 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| 4 | Кавадарци | 24 | 2 | 5 | 31 | 5 |
| 5 | Лозово | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| 6 | Неготино | 7 | 3 | 4 | 14 | 5 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 7 | Росоман | 12 | 3 | 3 | 18 | 2 |
| 8 | Свети Николе | 4 | 2 | 0 | 6 | 1 |
| 9 | Чашка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Источен регион** | **69** | **15** | **7** | **91** | **18** |
| 10 | Берово | 11 | 3 | 2 | 16 | 2 |
| 11 | Виница | 4 | 0 | 1 | 5 | 1 |
| 12 | Делчево | 6 | 1 | 0 | 7 | 2 |
| 13 | Зрновци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Карбинци | 0 | 1 | 1 | 2 | 1 |
| 15 | Кочани | 2 | 2 | 0 | 4 | 0 |
| 16 | Македонска Каменица | 2 | 2 | 1 | 5 | 1 |
| 17 | Пехчево | 3 | 0 | 1 | 4 | 2 |
| 18 | Пробиштип | 22 | 2 | 0 | 24 | 2 |
| 19 | Чешиново-Облешево | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 20 | Штип | 19 | 3 | 1 | 23 | 7 |
| | **Југозападен регион** | **92** | **16** | **9** | **117** | **8** |
| 21 | Вевчани | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 22 | Дебар | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 23 | Дебарца | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| 24 | Кичево | 27 | 2 | 2 | 31 | 2 |
| 25 | Македонски Брод | 15 | 0 | 0 | 15 | 2 |
| 26 | Охрид | 27 | 13 | 7 | 47 | 4 |
| 27 | Пласница | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 28 | Струга | 18 | 1 | 0 | 19 | 0 |
| 29 | Центар Жупа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Југоисточен регион** | **91** | **19** | **11** | **121** | **20** |
| 30 | Богданци | 8 | 1 | 0 | 9 | 0 |
| 31 | Босилово | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 |
| 32 | Валандово | 12 | 2 | 0 | 14 | 1 |
| 33 | Василево | 2 | 1 | 0 | 3 | 1 |
| 34 | Гевгелија | 25 | 5 | 0 | 30 | 2 |
| 35 | Дојран | 3 | 2 | 0 | 5 | 1 |
| 36 | Конче | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 37 | Ново Село | 5 | 0 | 0 | 5 | 0 |
| 38 | Радовиш | 11 | 1 | 1 | 13 | 1 |
| 39 | Струмица | 24 | 7 | 9 | 40 | 13 |
| | **Пелагониски регион** | **85** | **2** | **0** | **87** | **14** |
| 40 | Битола | 45 | 1 | 0 | 46 | 4 |
| 41 | Демир Хисар | 6 | 1 | 0 | 7 | 1 |
| 42 | Долнени | 2 | 0 | 0 | 2 | 1 |
| 43 | Кривогаштани | 3 | 0 | 0 | 3 | 2 |
| 44 | Крушево | 2 | 0 | 0 | 2 | 1 |
| 45 | Могила | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| 46 | Новаци | 2 | 0 | 0 | 2 | 1 |
| 47 | Прилеп | 14 | 0 | 0 | 14 | 3 |
| 48 | Ресен | 10 | 0 | 0 | 10 | 0 |
| | **Полошки регион** | **229** | **24** | **23** | **276** | **18** |
| 49 | Боговиње | 23 | 1 | 4 | 28 | 2 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 50 | Брвеница | 15 | 2 | 1 | 18 | 1 |
| 51 | Врапчиште | 3 | 0 | 0 | 3 | 1 |
| 52 | Гостивар | 34 | 1 | 1 | 36 | 1 |
| 53 | Желино | 11 | 4 | 4 | 19 | 3 |
| 54 | Јегуновце | 10 | 4 | 0 | 14 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 72 | 0 | 2 | 74 | 2 |
| 56 | Теарце | 10 | 2 | 1 | 13 | 2 |
| 57 | Тетово | 51 | 10 | 10 | 71 | 6 |
| | **Североисточен регион** | **10** | **5** | **1** | **16** | **5** |
| 58 | Кратово | 5 | 1 | 0 | 6 | 2 |
| 59 | Крива Паланка | 4 | 1 | 1 | 6 | 1 |
| 60 | Куманово | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 61 | Липково | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 62 | Ранковце | 1 | 2 | 0 | 3 | 2 |
| 63 | Старо Нагоричане | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Скопски регион** | **110** | **30** | **9** | **149** | **22** |
| 64 | Аеродром | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 65 | Арачиново | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 66 | Бутел | 6 | 1 | 0 | 7 | 1 |
| 67 | Гази Баба | 28 | 8 | 2 | 38 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | 5 | 0 | 0 | 5 | 0 |
| 69 | Зелениково | 0 | 2 | 0 | 2 | 2 |
| 70 | Илинден | 8 | 0 | 1 | 9 | 0 |
| 71 | Карпош | 5 | 0 | 0 | 5 | 0 |
| 72 | Кисела Вода | 27 | 3 | 2 | 32 | 2 |
| 73 | Петровец | 1 | 6 | 0 | 7 | 5 |
| 74 | Сарај | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 75 | Сопиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 76 | Студеничани | 9 | 2 | 0 | 11 | 0 |
| 77 | Центар | 4 | 2 | 0 | 6 | 1 |
| 78 | Чаир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 79 | Чучер-Сандево | 10 | 0 | 0 | 10 | 1 |
| 80 | Шуто Оризари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 81 | Скопје | 6 | 5 | 4 | 15 | 10 |
| **ВКУПНО** | | **749** | **126** | **72** | **947** | **120** |

Од вкупно планираните 868 редовни инспекциски надзори за првите 6 месеци, реализирани се 749, останатите надзори не се реализирани поради пандемијата со вирусот COVID-19 посебно во месеците март и април.

## Обука на инспекторите и административните службеници

Во првото полугодие на 2020 година согласно Годишната програма за работа, ДИЖС вршеше континуиран професионален развој на Државните инспектори и другиот стручно-административен кадар преку спроведување на систем и програма за професионален развој на вработените односно, унапредување на знаењата и

способностите со цел, квалитетно и ефикасно вршење на инспекцискиот надзор што е во согласност со стратегијата за понатамошно развивање на инспекцискиот систем во Република С.Македонија и добрата европска пракса.
Врз основа на Годишните Програми за специјализирани обуки за државните инспектори во ДИЖС, односно генерички обуки за административците, Државните Инспектори за животна средина за 2020 година реализираа 1 генеричка е-обука:

Тема – Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки),

Административците реализираа 1 е-обука:

Тема – Канцелариско работење, архивско работење (Уредба за канцелариско и архивско работење)

Сите државни инспектори од Државниот Инспекторат за животна средина и административците имаат континуирани специјализирани обуки за материјалните закони по системот на е-обуки, области: животна средина, заштита на природата, водостопанство, односно сите закони за кои се надлежни од овие три области, финансиско и останато административно-канцелариско работење во согласност со моменталната ситуација со епидемијата предизвикана од корона вирусот.

## Буџет и финансирање

Со средствата од буџетските ставки се врши редовно сервисирање на надоместоци за канцелариите во и надвор од Скопје (струја, вода, ѓубретарина, наем, загревање), потоа регистрација и сервис на службените моторни возила, надомест за гориво, услуги за мобилна телефонија и интернет, ИКТ одржување, редовен систематски преглед и осигурување на сите вработени и возилата, набавка на средства за работа (нови записници за констатација, службени легитимации, деловодници, итн), останати потреби на Инспекторатот заштитна опрема, итн.

Преглед на реализација на Буџетот на ДИЖС за прво полугодие-2020 година:

| Раздел | Сметка | Поставка | | Буџет 2020 | План 2020 | Реализирано 07/07/2020 | Разлика План-Реализирано 07/07/2020 | Процент на реализација на ПЛАН | Остаток од БУЏЕТ | Процент на реализација на БУЏЕТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12102 | 630 | 401 | Основни плати | 10,120,000.00 | 5,947,433.00 | 5,902,010.00 | 45,423.00 | 99.24 | 4,217,990.00 | 58.32 |
| 12102 | 630 | 402 | Придонеси за социјално | 4,360,000.00 | 2,302,066.00 | 2,301,008.00 | 1,058.00 | 99.95 | 2,058,992.00 | 52.78 |
| 12102 | 630 | 420 | Патни и дневни расходи | 300,000.00 | 300,000.00 | 100,977.00 | 199,023.00 | 33.66 | 199,023.00 | 33.66 |
| 12102 | 630 | 421 | Комунални услуги, греење, | 2,550,000.00 | 2,550,000.00 | 747,098.00 | 1,802,902.00 | 29.30 | 1,802,902.00 | 29.30 |
| 12102 | 630 | 423 | Материјали и ситен инвентар | 750,000.00 | 750,000.00 | 119,800.00 | 630,200.00 | 15.97 | 630,200.00 | 15.97 |
| 12102 | 630 | 424 | Поправки и тековно одржување | 650,000.00 | 650,000.00 | 283,368.00 | 366,632.00 | 43.60 | 366,632.00 | 43.60 |
| 12102 | 630 | 425 | Договорни услуги | 5,000,000.00 | 5,000,000.00 | 2,104,598.00 | 2,895,402.00 | 42.09 | 2,895,402.00 | 42.09 |
| 12102 | 630 | 426 | Други тековни расходи | 465,000.00 | 465,000.00 | 68,813.00 | 396,187.00 | 14.80 | 396,187.00 | 14.80 |
| 12102 | 630 | 464 | Разни трансфери | 50,000.00 | 50,000.00 | 0.00 | 50,000.00 | 0.00 | 50,000.00 | 0.00 |
| 12102 | 630 | 480 | Купување на опрема и машини | 3,150,000.00 | 3,150,000.00 | 3,150,000.00 | 0.00 | 100.00 | 0.00 | 100.00 |
| 12102 | 630 | 486 | Купување на возила | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | | | | **35,729,000.00** | **29,498,499.00** | **17,927,671.00** | **11,570,828.00** | **60.77** | **17,801,329.00** | **50.18** |

Линк до Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

https://finance.gov.mk/mk/node/4105 (страници 248-249, ДИЖС)

## Меѓународна соработка

Меѓународната активност е посебно нагласена години наназад и важна при секојдневното работење на Инспекторатот. Огромен е бенефитот од сите настани, пред се поради процесот на Преговори со ЕУ, Поглавјето 27-Животна средина и менување на целосниот пристап на инспекцискиот систем во жвиотната средина, целосна хармонизација и усогласување со европскиот пристап на инспектирање, моделот на организирање на Инспекторатот. Значајно е зголемувањето на транспарентноста при секојдневното работење, како и зголемување на ефикасноста на самите инспектори од добиените знаења и учества на ЕУ Проекти.

Членувањето во еминентната европска мрежа на Инспекторатите за животна средина од мај 2006 година IMPEL, е од огромно значење посебно во делот на хармонизацијата и пристапот на инспекцскиот надзор во областа на животната средина со европскиот систем на работење, потоа членувањето во Европската Мрежа на Обвинители за животна средина заедно со Здружението на Јавни Обвинители на Македонија, како и делот на тесната соработка со Европол-Мрежата за сузбивање на Криминалот во животната средина.

Активностите на ДИЖС во првото полугодие продолжија во согласност со новата реалност по започнувањето на пандемијата,

- Учество на настани организирани од IMPEL Мрежата на Инспектори за животна средина од ЕУ, каде ДИЖС е полноправен член од мај 2006 година.

  *Организирани три настана преку интернет платформа во рамки на подпроект за Ревизија на Инспекциски активности, ДИСЖ предложен како пилот инспекторат за вршење на ревизија на перформансите на Инспекторатот по новата европска Методологија за 2021 година

  *Организирани два настана преку интернет платформа во рамки на подпроект за Отпад и прекугранично движење и Воздух и Индустрија.

  *Организирани два настана преку интернет платформа во рамки на подпроект за Природа и Заштитетни Подрачја.

- Настани во РСМ, TAIEX Програми, останати настани од други проекти, конференции, дебати, панел дискусии по закони и сл., размена на информации за активности реализирани претходно и планови за иднина, како и дискусии за моментни состојби со животна средина сврзани со инспекцскиот надзор.

*Инспекциски Совет, интеренет настан за Методологија за ризици при планирање на инспекциски надзори.

*Интернет Настан во организација на Факултетот за Безбедност, Скопје при УКЛО Битола за Криминал во Животната средина.

*Интернет настан на Граѓанско Здружение Биди Зелен за енергетска ефикасност, зелени училишта климатски промени.

*Интернет настан за отпочнување со активности за прогласување на Шар Планина за национален парк и активности во врска со Охридско Езеро, МЖСПП, UNEP.

*Интернет настан Фондација Фридрих Еберт, Еко свест, Скопје, МЖСПП панел дискусија Говориме за климатски промени.

*Интернет настан Фондација Фридрих Еберт, Еко свест, Скопје, МЖСПП панел дискусија Добро управување со животната средина во услови на транзиција.

*Американ Колеџ, Скопје 15-та Меѓународна Конференција за европски интеграции, Климатски промени, предизвици и градење отпорност, Интернет настан

- Настан во организација на Амабасадата на САД во РСМ за Зелени Градови и Паметни решенија, интернет платформа.
- ЕВРОПОЛ, Операција Ретровирус за медицински отпад, ДИЖС учествува во заедничка акција на ЕВРОПОЛ и е координатор од РС Македонија во соработка со МВР-ЕВРОПОЛ Одделот, Царинска Управа и Државен Санитарен и Здравствен Инспекторат, 1 април до 15 септември 2020 година.

## Други активности на инспекциската служба

Државниот инспекторат за животна средина во текот на 2020 година ќе ги изготви следните активности:

- ЕУ INTERREG/BALKANMED проект за нови иновативни решенија за следење на квалитетот на воздухот во Охрид, организиран интернет настан за моментален статус на проектните активности и продолжување на проектот поради пандемијата. Објавена паметна апликација за следење на квалитетот на воздухот, превод на македонски јазик. ДИЖС е координатор на проектот од македонска страна.
- ЕУ INTERREG/BALKANMED проекти за Главни Водни живеалишта во балканско медитеранскиот регион. Организирани два последни интернет настани од проектот, Living Lab со панел дискусија и Финална Конференција

со затворање на проектот. Целосно учество на претставнииц на ДИЖС во рамки на настаните и панелите.

- ЕУ INTERREG Проект за прекугранична соработка Грција-РС Македонија, Југоисточен Плански регион во тек е изработката на Студија за Моноспитово Блато сврзана со состојбата на истото и биодиверзитетот и промоција на заштитетни подрачја и туризам во прекуграничен контекст, организиран е настан преку интернет платформа за продолжување на рокот за реализација на проектот поради пандемијата и пресек на статусот со моментните актовности од проектните партнери.

Државниот Инспекторат за животна средина врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2020 година изготви

1. Изработен Годишен Извештај за работата на ДИЖС во текот на 2019 година, доставен до ИС на мислење.

2. Информации до Влада на РСМ, за специфични надзори или по одреден заклучок, мислења по законски решенија.

3. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер-ЗСПИЈК на Интернет страната на ДИЖС. Изработен Годишен Извештај за 2019 и доставен до надлежен орган. Реализирани Одговори до заинтересирани баратели на инормации согласно ЗСПИЈК.

4. Изготвени Листи за проверка за вршење инспекциски надзор за различен тип индустриски инсталации, поместени на Интернет, а исто така изготвени листи за проверка од информативен карактер за три материјални закони, за животната средина, водите и заштита на природата..

5.Континуирана соработка со Инспекциски Совет во согласност со законските надлежности. Соработката е на законско основно ниво и постои простор од страна на Инспекторатот таа соработка во многу сегменти да се продлабочи доколку се почитуваат стручните ставови, предлози и размислувањата на ДИЖС за инспекцискиот систем во животната средина и биде донесен Законот за Инспекција во животната средина, чиешто недонесување е нотирано во повеќе европски извештаи за прогресот на државата во областа животна средина. Предлогот на ДИЖС за подобрување е да во составот на Инспекцискиот Совет работат лица кои исклучиво претходно имаат инспекциско искуство од минимум 10 години доколку се сака зајакнување на инспекцискиот систем генерално.

Соработка со останати институции

- ДИЖС партиципира во решавање на еко-инциденти и нивна превенција, вклучен е во процесот на издавање ИСКЗ дозволи односно, учествува со стручни мислења од инспекциски аспект по предлог закони и предлог подзаконски акти, ставови и извештаи за останати државни институции и други организации, а остварува континуирана соработка со Полицијата,

Царинската Управа, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за Управување со кризи (Стандардни Оперативни процедури и Симулациски вежби), Армијата на РСМ (НАТО вежби), Црвениот Крст, наставно-научните институции при Универзитетите во РСМ и др. институции на централно, локално, регионално ниво како ЗЕЛС и општините во државата. Исто така ДИЖС соработува и со правосудните органи и Академијата за Судии и Обвинители.

- ДИЖС согласно Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер обезбедува пристап до истите и соработува со Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, а исто така целосно се почитуваат и законските одредби од Законот за заштита на личните податоци.

- Ваквата соработка, Инспекторатот ја остварува и со Инспекцискиот Совет согласно законската рамка, со Државните Инспекторати и инспекциските служби на локално ниво пред се со Овластените инспектори за животна средина (два случаи при надзори над инсталации кои беа под надлежност на локална самоуправа, примерот со Велес-Маслодајна и Штип-Техникал Текстил).

- Во рамките на ваквата соработка, по потреба се организираат активности за заедничко делување и обуки, како и координирани инспекции за поефикасно спроведување на законодавството.

## Заклучоци и препораки

Заклучок и општа оцена е дека во однос на се претходно кажано и моментната пандемија со коронавирусот, иако со намален број на редовни планирани надзори во месеците март-април кога и поголем број од правните субјекти предмет на надзор не беа во редовен работен процес, нема евидентирано особено влијание врз редовната реализација на месечниот план, односно поголем ризик по животната средина. Нереализираните редовни надзори се реорганизирани во месеците мај-јуни, кога посебен акцент е ставен на постапување со медицинскиот отпад од здравствените институции каде се третираат заразени од коронавирусот. Нагласена е редовната комуникација и соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање кое исто така како и останатите институции работеше редуцирано согласно новите услови и препораките за спречување на коронавирусот.

Комуникацијата со Инспекцискиот состав редовна, во рамки на законските надлежности.

После 15 години децентрализација од 1 јули 2005 година, односно децентрализација во животната средина од 1 септември 2005 година, финалните препораки со предлог за подобрување на инспекцискиот систем во животната средина од ЕУ Твининг проектот за Зајакнување на

административниот капацитет за спроведување на законодавството од областа на животната средина 2015-2016 година и извештаи од останати истражувања за инспекцијата на локално ниво (НВО Инфоцентар, USAID), моментна состојба со немање локални инспектори за животна средина во преку 45% од општините или едно лице назначено за повеќе области (комунална сфера, сообраќај, градежништво, животна средина), ДИЖС е со став дека е потребно да се организира единствен систем на инспекција во животната средина доколку сакаме да постигнеме евидентни резултати за државата и да имаме интегрален пристап, пред се поради генерално незадоволителни резултати и несериозниот однос на половината општини кон оваа сензитивна и значајна област и недоволна стручност на лицата кои се овластени за инспектори.

Во сегашното решение на Законот за инспекциски надзор само во неколку одредби се споменуваат локалните инспектори и воопшто не е јасна нивната позиција во системот. Ова важи за животната средина, комуналната сфера и градежништво, области кои најмногу потфрлија на локално ниво последниве 15 години, односно од почетокот на децентрализацијата.

Измени на Законот за инспекциски надзор во врска со повеќе нејаснотии кои придонесуваат за одредени административни бариери. Дополнување на Инспекцискиот совет, во чиј состав и работа би сакале да бидат вклучени и лица со претходен инспекциски бекграунд од минимум 10 години поради фактот дека се потребни искусни луѓе кои се добри познавачи на инспекциските области посебно во период кога се отвораат предпристапните преговори за полноправно членство во ЕУ.

Итно донесување на Предлог Законот за Инспекција во животната средина кој е продукт на ЕУ Проект и е целосно усогласен со барањата на ЕУ Директивите од областа на животната средина и е нотирано неговото досегашно донесување и после 5 изминати години во сите значајни европски извештаи за прогресот на државата.

Архивски Број: 02-

14.07.2020 година

Изработил:

**Сектор за координација, општи и правни работи и јавни набавки**

Имрије Лума Мемеди, Помлад Соработник

Дарко Блинков, Раководител на Одделение

**Приматели на Првиот Шестмесечен извештај за 2020 година:**

-Сектор за инспекциски надзор во животната средина и природата

-Сектор за Водостопанска Инспекција

-Сектор за координација, општи и правни работи и јавни набавки

-Одделение за финансиски прашања

ДИРЕКТОР

Fejzula Spahija